**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4811/**

# З А П И С Н И К

**Од 163.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.09.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,163.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 162.седница на Програмски совет на МРТ.
2. Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.
3. Разгледување на Одговор од Одделението за координација и евиденција во МРА со бр.13-4590/2.
4. Разгледување на Информација по Заклучокот на Програмскиот совет на МРТ со бр.4492/2.
5. Разгледување на Одговор од Собрание на РСМ по Допис-Барање за мислење бр.02-4592/1.
6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 162.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 162.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац, заменикот Ведат Мемедалија и членот Снежана Клинчарова истакна дека имаат мали забелешки по однос на записникот од 162.седница.
По расправата записникот од 162.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со констатираните забелешки.
Со дадените забелешки на записникот, по извршеното гласање се констатира дека записникот од 162.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи а од членовите беше едногласно прифатено по оваа точка да нема расправа и истата да биде префрлена за наредна седница на советот, а поради тоа што иако се уредно поканети од страна на Програмскиот совет на МРТ, повторно нема никој присутен на денешната седница и од комисијата и од менаџментот на МРТ однсоно Директорот на МТВ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Одговор од Одделениеto за координација и евиденција во МРА со бр.13-4590/2.**
По однос на оваа точка беше констатирано дека и покрај поканата од страна на Програмскиот совет, нема никој присутен од Одделението за координација и евиденција на Македонското радио, и поради тоа Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи а од членовите беше едногласно прифатено и по оваа точка да нема расправа, и истата да биде префрлена за наредна седница на советот.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Информација по Заклучокот на Програмскиот совет на МРТ со бр.4492/2.**
По однос на оваа точка беше разгледано Правното мислење од страна на Одделението за правни работи во МРТ а по однос на Заклучокот на Програмскиот совет на МРТ со бр.4492/2.
Програмскиот совет го разгледа мислењето,констатира дека е истото е јасно и концизно, и утврди дека советот треба да се придржува по насоките кои се дадени во истото.

**ТОЧКА 5:Разгледување на Одговор од Собрание на РМ по Допис-Барање за мислење бр.02-4592/1.**
По однос на оваа точка беше разгледан Одговор од Собранието на РМ по Барање за мислење бр.02-4592/1 од страна на Програмскиот совет на МРТ, во кој по однос на Брањето на Програмскиот совет на МРТ во чија надлежност е донесувањето на одлуки за нови програмски сервиси во МТВ имајќи го предвид фактот дека со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година избришан е став 9 од 107 на законот со кој се предвидуваше дека бројот на програмски сервиси ги утврдува Прогрмаскиот совет на МРТ на предлог на Директорот на МРТ, а беше добиен одговор дека е потребно од страна на советот да се поднесе Барање за давање на автентично толкување на закон.

**ТОЧКА 6:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледано Известување од Синдикалната организација при МРТ во кој се бара од советот да се изјасни дали ке го овласти Директорот на МРТ за да отпочне со преговори за измени и дополнувања на Колективниот договор на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа барањето на Синдикалната организација при МРТ и едногласно одлучи да го овласти Директорот на МРТ, да отпочне со постапка на колективно преговарање за склучување на Колективен договор за измени и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ со Синдикалната организација при ЈРП МРТ,на теми и забелешки кои Програмскиот совет на МРТ ги има добиено како предлози, а се однесуваат на недорегулирани работни позиции кои треба да се дополнат во Колективниот договор на МРТ.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател